# ОстеоК2®

диететски производ

таблети
**60**

**ОстеоК2** е единствена формулација која покрај калциумот и витаминот Д3 содржи менахинон со потекло од K2Vital® - Delta микрокапсулирани витамин К2 МК-7.

**Што е ОстеоК2 и како делува?**
Сите три микронутриенти во состав на препаратот се потребни за одржување на нормални коски.

Калциумот е минерал неопходен за раст и јакнење на коските, а витаминот Д3 ја овозможува ресорпцијата на калциумот од цревата.

Улогата на витаминот К2 во одржување на здравјето на коските, проучувана е во текот на последните две децении. Сега е познато и докажано дека витаминот К2 е неопходен за правилно искористување на ресорбираниот калциум и негово потполно вградување во коските. Витаминот К2 е неопходен за активација на протеините потребни за врзување на калциумот и неговото правилно искористување - Остеокалцин и MatrixGla протеини. Доколку овие протеини не се активирани не можат да го врзат калциумот. Витаминот К2 делува како кофактор на процесот на активација - активираниот Остеокалцин успешно го врзува калциумот и потполно го вградува во хидроксиапатит, неорганскиот матрикс на коската; активираниот MatrixGla протеин го врзува калциумот и го отстранува од крвните садови и меките ткива.

**За кого е наменет ОстеоК2?**
ОстеоК2 се препорачува на сите постари лица и лица од средно животно доба, посебно на жени, за зачувување на здравјето на коските.

**Како се употребува ОстеоК2?**
Препорачано внесување за возрасни е две таблети дневно, со чаша вода со оброк.

| Содржина на дневно внесување | 2 таблети | %НРВ* |
|---|---|---|
| **Калциум** | 400 mg | 50% |
| **Витамин К** | 45 µg | 60% |
| **Витамин Д** | 5 µg | 100% |

*НРВ - нутритивен референтен внес

**Состојки:**
Калциум-карбонат, средства за зголемување на волумен калциум-фосфат и микрокристална целулоза, малтодекстрин, средство за обложување хидроксипропилметилцелулоза, средство против згрутчување магнезиум-стеарат, средство за обложување хидроксипропилцелулоза, менахинон, холекалциферол.

**Предупредувања:**
Не се препорачува на лица чувствителни на некоја од состојките.

Се препорачува внимателност кај лица кои земаат антикоагулантна терапија, бремени и доилки. Во овие случаи неопходна е консултација со лекар пред земање на препаратот. Овој производ е додаток на исхрана и не треба да се употребува како замена за вкупна и балансирана исхрана. Да не се надминуваат препорачаните дневни дози.

**Чување:**
На температура под 25ºC, на суво и темно место, подалеку од дофат на деца.

**Рок на употреба:**
Означен на амбалажата. По истек на овој рок, производот не треба да се употребува.

**Пакување:**
Кутија со 60 таблети.

**Производител:**
Sanotact GmbH., Hessenweg 10, Munster, Германија

**Пакува:**
Pharmanova d.o.o., Индустријска 8, 11500 Обреновац, Република Србија

**Увозник и дистрибутер:**
наведено на декларацијата

PHARMANOVA

3203099-7

PHARMANOVA

Proizvod/Product:
**OsteoK2 tablete uputstvo**

Zemlja/Country: **Makedonija**

Dimenzije/Dimensions: **120x210 mm**

Šifra pripreme/Item code: **3203099-7**

Boja/Colour: **1/0 CRNA**

Datum/Date of Issue: **10.11.2022.**

Dizajn odobrio/Design approved by: **Tovirac Zoran**

Text odobrio/Text approved by: **Tanja Matić**